# ПРЕДЛОГ

# Измени и дополнувања на Финансискиот план на Агенцијата за електронски комуникации

# за 2019 година

Содржина:

А. ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ..... 3
Расходна ставка 403 – ДРУГИ услуги ..... 3
Расходна ставка 417 – ИНТЕЛЕКТУАЛНИ И ДРУГИ УСЛУГИ ..... 3
430 ПРЕНЕСЕНИ СРЕДСТВА НА ДРУГИ СУБЈЕКТИ ..... 3
Расходна ставка 440 – КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА ..... 4
Расходна ставка 441 - ОПРЕМА ..... 4
Расходна ставка 455 – ПОМОШТИ, ДОНАЦИИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ ..... 4
Расходна ставка 470 – ДАНОЦИ КОИ НЕ ЗАВИСАТ ОД РЕЗУЛТАТОТ ..... 4
Б. ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ..... 5
ПрилозИ ..... 6

# ПРЕДЛОГ ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ ЗА 2019 ГОДИНА

## А. ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ

Во делот за планирани расходи се изменува и дополнува:

Вкупните расходи со Годишниот финансиски план на Агенцијата за електронски комуникации за 2019 година се во вредност од 478.360.000 денари (усвоена Годишна програма за работа на Агенцијата за електронски комуникации за 2019 година со Годишен финансиски план за 2019 година).

Согласно член 29 точка (8) од Законот за електронските комуникации (службен весник на Република Македонија бр. 39/14, 188/2014, 44/2015, 193/2015, 11/18, 21/18 и 96/19), нереализираните средства од Годишниот финансиски план на Агенцијата за електронски комуникации од 2018 констатирани со Годишната сметка на Агенцијата за електронски комуникации за 2018 година, при што се утврдени вишок финансиски средства од минати години во износ од 125.275.193,00 денари и вишок на финансиски средства од претходна година во износ од 170.978.778,00 денари по оданочување, или вкупно 296.253.971,00 денари, како нереализирани средства од Годишниот финансиски план за 2018 година со нивно распределување како и преструктуирање на планираните и одобрени износи за зголемување и намалување на следниве расходни категории:

### РАСХОДНА СТАВКА 403 – ДРУГИ УСЛУГИ

- 403213 Поправка и одржување на опрема – зголемување за 3.432.750,00 денари и тоа за Одржување на Интегриран Информациски систем - превентивно - нов Договор.

Вкупниот износ на оваа расходна ставка за 2019 изнесува 63.007.121 денари.

### РАСХОДНА СТАВКА 417 – ИНТЕЛЕКТУАЛНИ И ДРУГИ УСЛУГИ

- 417990 – Други договорни услуги зголемување за 20.600.000,00 денари, и тоа за Клиентски сертификати 600.000,00 денари и Екологија - подобрување на животна средина 20.000.000,00 денари

- 417991 – Други договорни услуги за членовите на Комисијата за електронски комуникации лични примања зголемување за 400.000,00 денари поради промена на даночна стапка на ПДД и тренд на зголемување на просечна плата

Вкупниот износ на оваа расходна ставка за 2018 изнесува 78.664.500 денари.

### 430 ПРЕНЕСЕНИ СРЕДСТВА НА ДРУГИ СУБЈЕКТИ

- 430990 – Други трансфери

Согласно член 29 став 9 од Законот за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации (службен весник на Република Македонија бр. 39/14, 188/2014, 44/2015, 193/2015, 11/18, 21/18 и 96/19)

- Пренесени средства наменети за финансирање на дејноста на Оперативно-техничката агенција, заради обезбедување и одржување опрема и медијациски уреди со цел создавање услови за спроведување на мерките за следење на комуникациите, утврдени со Законот за оперативно-техничка агенција и Законот за следење на комуникациите - Надоместок за надзор на пазарот во висина до 50% 25.405.000,00 денари

- Пренесени средства наменети за финансирање на дејноста на Оперативно-техничката агенција, заради обезбедување и одржување опрема и медијациски уреди со цел создавање услови за спроведување на мерките за следење на комуникациите,

утврдени со Законот за оперативно-техничка агенција и Законот за следење на комуникациите - Надоместок за користење на радиофреквенции во висина до 10% 37.500.000,00 денари

Вкупниот износ на оваа расходна ставка за 2019 изнесува 62.905.000 денари.

## РАСХОДНА СТАВКА 440 – КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА

- 440006 – Изградба на антенски систем за контрола и мониторинг – зголемување за 169.633.721,00 денари по Договор.

- 440012 – Преадаптација на простории во деловен објект – 2.000.000,00 денари по Договор

Вкупниот износ на оваа расходна ставка за 2019 изнесува 187.870.235,00 денари.

## РАСХОДНА СТАВКА 441 - ОПРЕМА

- 441001- Информатичка опрема – зголемување за 7.072.500,00 денари и тоа за 4 нови сервери, два за Скопје и два за резервната локација во Штип ЛС Телком 2.767.500,00 денари  Оракл лиценца за серверите во Штип ЛС Телком 1.230.000,00 денари Адаптивно одржување на системот за управување со радиофреквенцискиот спектар ЛС Телком 2.152.500,00 и WEB Application firewall 922.500,00 денари

- 441002- Софистицирана мерна опрема – зголемување за 23.260.00,00 денари

- 4410010 Возила – Превозни средства за заштита од загадување на животна средина 600.000,00 денари

Вкупниот износ на оваа расходна ставка за 2019 изнесува 141.591.115,00 денари.

## РАСХОДНА СТАВКА 455 – ПОМОШТИ, ДОНАЦИИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ

- 455 - Помошти, донации и други давачки

Вкупниот износ на оваа расходна ставка за 2019 изнесува 6.150.000,00 денари.

## РАСХОДНА СТАВКА 470 – ДАНОЦИ КОИ НЕ ЗАВИСАТ ОД РЕЗУЛТАТОТ

- 470002 – Персонален данок на доход (за реализирани трошоци од страна на Комисијата, орган на АЕК – зголемување за 200.000,00 денари

Вкупниот износ на оваа расходна ставка за 2019 изнесува 1.000.00,00 денари.

**Вкупни планирани расходи 774.613.971 денари.**

## Б. ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ

Во делот на планирани приходи се додава:

Вкупни планирани приходи со Годишниот финансиски план на Агенцијата за електронски комуникации за 2019 година се во вредност од 478.360.000 денари (усвоена Годишна програма за работа на Агенцијата за електронски комуникации за 2019 година со Годишен финансиски план за 2019 година).

Согласно член 29 точка (8) од Законот за електронските комуникации (службен весник на Република Македонија бр. 39/14, 188/2014, 44/2015, 193/2015, 11/18, 21/18 и 96/19), нереализираните средства од Годишниот финансиски план на Агенцијата за електронски комуникации од 2018 констатирани со  Годишната сметка на Агенцијата за електронски комуникации за 2018 година, при што се утврдени вишок финансиски средства од минати години во износ од 125.275.193,00 денари и вишок на финансиски средства од претходна година во износ од 170.978.778,00 денари по оданочување, или вкупно 296.253.971,00 денари, како нереализирани средства од Годишниот финансиски план за 2018 година со нивно распределување како и преструктуирање на планираните и одобрени износи за приходни категории, односно нивно зголемување.

- Пренесен вишок на приходи над расходи од минати години во износ од 125.275.193 денари.
- Пренесен вишок на приходи над расходи од претходна година во износ од 170.978.778 денари.

**Вкупни планирани приходи 774.613.971 денари.**

Бр.
___________ година

Комисија на Агенцијата за електронски комуникации

Гордана Клинчарова, претседател

# ПРИЛОЗИ